Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-339/5
13-02-2024 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за геолошки работи
ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ
Бр. 03-0307/22
14.02. 2024 год.
Штип

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23 и 253/23), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – базалт на Друштвото за геолошки работи ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ Штип на локалитетот „Ежево Брдо“ општина Штип и општина Карбинци бр.41-1978/5 од 6 февруари 2024 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.31/24) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – базалт на локалитетот „Ежево Брдо“ општина Штип и општина Карбинци бр.24-5713/1 од 13.11.2014 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за геолошки работи ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ Штип**
**со адреса: Ул.Белградска бр.9, Штип**
**застапувано од лицето Коле Голубов**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2024 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАЗАЛТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЕЖЕВО БРДО“ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – базалт на локалитетот „Ежево Брдо“ општина Штип и општина Карбинци бр.24-5713/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**
**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години“.

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – базалт на локалитетот „Ежево Брдо“ општина Штип и општина Карбинци бр.24-5713/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – базалт на локалитетот „Ежево Брдо“ општина Штип и општина Карбинци бр.24-5713/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| **За Концедентот** | **За Концесионер** |
| **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА** | **Друштвото за геолошки работи** |
| **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ГЕОТЕХНИКА ДООЕЛ Штип** |
| **МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,** | **Коле Голубов** |
| **Kreshnik Bekteshi** | |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Ежево Брдо - Карбинци,Штип

**Минерална суровина:** Базалт

**Површина = 0.823000 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7595750 | 4629200 |
| 2 | 7596250 | 4629200 |
| 3 | 7596250 | 4627680 |
| 4 | 7595600 | 4627680 |
| 5 | 7595600 | 4628100 |
| 6 | 7595750 | 4628100 |